SYMPOSION

**П О К А Н А**

**за учество на интерактивна обука на тема:**

**ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ СТАНУВА ЗАКОНСКА ОБВРСКА**
***Кои се предизвиците за правните субјекти?***

**(11 февруари 2019 во „Park Hotel & Spa“ – Скопје)**

**Енергетската ефикасност** и **заштедата на енергија и финансиски средства** носат огромни придобивки. Се работи за инвестиции со **исклучително низок ризик** (особено во секторот на градежните објекти) и **релативно краток период на исплатливост**. Што правиме на национално ниво во насока на заштеда на енергија и пари? За жал, ако се споредиме со развиениот свет, немаме многу причини за да бидеме задоволни. Имајќи предвид дека науката веќе сериозно ги проучува врските помеѓу енергетската ефикасност и економскиот раст, сосема е јасно дека во оваа област се кријат многу **можности за напредок и повеќекратни придобивки**.

Неретко, како општество, се доведуваме во позиција да применуваме одредени мерки и да реализираме активности само доколку истите станат задолжителни со Закон. Конечно, и во областа на енергетската ефикасност, кај нас работите ќе бидат регулирани со **Законот за енергетска ефикасност**, што е сериозен чекор напред. Во моментот, во фаза на подготовка е **нацрт-верзијата**, која ќе треба да финализира во конечен документ во почетокот на 2019 г. Поставувањето на одредбите од оваа сфера во форма на закон носи голем број **обврски за сите чинители**.

Во врска со нацрт-законот за енергетска ефикасност, од Министерството за економија велат дека Република Македонија има обврска да транспонира повеќе директиви и регулативи во националното законодавство од областа на енергетската ефикасност.

Имајќи ги предвид истражувањата кои покажуваат корелација помеѓу енергетската ефикасност и економскиот раст, воопшто не треба да изненадува фактот дека токму најразвиените економии во светот предничат и во областа на енергетската ефикасност.

Нацрт-законот за енергетска ефикасност ги дефинира **обврските за општините, јавниот сектор, индустријата и комерцијалниот сектор** во однос на активностите кои треба да ги спроведат. Дел од обврските кои ги пропишува законот:

- Зградите кои се во сопственост и се користат од страна на јавниот сектор на државно ниво мораат да ги исполнуваат минималните барања за енергетски карактеристики на згради пропишани со овој закон.

SYMPOSION

- Во рамките на спроведувањето постапки за доделување на договори за јавни набавки, сите договорни органи, при објавување оглас за доделување договор за јавна набавка на стоки и услуги, имаат обврска да ја наведат енергетската ознака или нивото на потрошувачка на енергија на стоките или услугите кои се набавуваат како задолжителен критериум за избор на најповолната понуда, за оние производи кои користат енергија и се предмет на енергетско означување согласно закон.
- Законот ја воведува енергетската контрола како задолжителна обврска. Големите претпријатија се должни да спроведуваат енергетска контрола на секои четири години.
- Продавачите или закуподавачите на згради или градежни единици се должни да го достават сертификатот за енергетски карактеристики, како и да им го предадат на купувачите или закупците на зградата сертификатот за енергетски карактеристики на зградата во оригинал или заверен препис.
- Општините имаат обврска за донесување  програма за енергетска ефикасност на секои три години, која опфаќа период од три години.
- Законот предвидува прекршочни одредби за правните лица и за одговорните кај правните лица.

Работилницата ќе се обиде да ги објасни клучните новини и обврски кои ги носи законот, но исто така ќе Ве обучи како најдобро да ги реализрирате активностите кои ќе се бараат од Вас во областа на енергетската ефикасност преку презентирање на примери на добра практика и вообичаен сет на мерки на енергетска ефикасност.

Почитувани, Ве информираме дека имате можност, со котизација од **4.950 денари + 18% ДДВ** да учествувате во оваа исклучително интересна и полезна интерактивна обука, со вклучени кафе-пауза, ручек, сертификат за учество и работен материјал од обуката**.** За две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%**.

Заради квалитетот на обуката, бројот на учесници е ограничен. Затоа, доколку сакате да бидете дел од истата, Ве молиме да го пополните **пријавниот лист** што Ви го испраќаме во прилог (истиот го има и на нашата веб страна: http://simpozion.mk/), најдоцна **до 7 февруари 2019 г**. и да го испратите на следната електронска пошта: info@simpozion.mk

** Подолу се наведени информации за уплата на котизацијата.*

SYMPOSION

**Информации за уплата на котизација за обуката**:

Примач: СИМПОЗИОН ДОО – Скопје
Адреса:  ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
ЕДБ: 4080016561868
**Контакт тел.бр:** 078 271 576